# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 13 Март 2025 година<br>Скопје<br>Бр.3 Год. XX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2024 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ ..........стр.2
2. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2024 година ..........стр.4
3. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година ..........стр.23
4. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година ..........стр.38

5. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2024 година ........................................стр.48
6. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ................................стр.61
7. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ........................................................................................................................................стр.70
8. Одлука за усвојување Годишен Извештај за Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ..........................................................................................................стр.75
9. Одлука за усвојување Годишен Извештај за Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ..........................................................................................................................стр.80
10. Одлука за усвојување Годишен Извештај за Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ..........................................................стр.89
11. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програма за заштита од штетно дејство на водите на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ...........................................................стр.93
12. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ........................стр.98
13. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на годишната програма за јавни работи и јавна чистота на територија на Општина Ѓорче Петров за 2024 година .......................................................................................................................................стр.105
14. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“, Програмата за комунални дејности, Програма за локални патишта, сервисни и станбени улици и Програмата за изградба и одржување на јавни објекти за 2024 година .......................................................................................................................................стр.109
15. Годишен финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2024 година .............................. стр.136
16. Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ....................................стр.153
17. Одлука за усвојување Физибилити студија за оправданост за воспоставување на договор за Јавно приватно партнерство (ЈПП), преку финасирање, инсталирање, управување и одржување на фотоволтаична електрана (ФВЕ), на кров на јавни објекти (училишта) во Општина Ѓорче Петров ....................................................................................................................... стр.207
18. Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за Јавно приватно партнерство за изградба на ФВЕ на кров на јавни објекти (училишта) во општина Ѓорче Петров ......................................................................................................................................... стр.209

**Март 2025 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2024 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“- Ѓорче Петров - Скопје**

Се објавува одлуката за усвојување на Годишна сметка за 2024 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“- Ѓорче Петров - Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетитретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/1**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 116 став 1 алинеја 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 16 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 13.03.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна сметка за 2024 година**
**на Јавната општинска установа за деца - детска градинка**
**„Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои Годишната сметка за 2024 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје, за сметките:

- 7780101996 787 17,
- 7780101996 903 11 и
- 7780101996 603 10.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-494/2** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 13.03.2025 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесититретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/2**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 13.03.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-494/3**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ

За реализација на Програма  на Општина Ѓорче Петров  во остварување на социјална , детска и здравствена заштита во 2024 година (за период 01.01.- 31.12.2024година)

Скопје, Јануари 2025година

# I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде целосна слика за реализација на активностите предвидени во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, кој беше донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров.

Согласно наведеното, Извештајот ги вклучува реализираните активности и финансиски средства поединечно за секоја категорија опфатена во Програмата.

# II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Во делот на социјалната и здравствената заштита остварени се следниве активности :

## 1. Крводарителска акција

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Крводарителска акција во Културниот дом во Ѓорче Петров во соработка со Црвен крст на РСМ -општинска организација Карпош |
| Главна цел | Поттикнување на дарителството на крв. Развивање на хуманоста кај жителите и собрана крв која ке биде уптребена за спасување на човечки животи |
| Време на релизација : | Два пати во текот на годината – реализирано 01.06.2024 год-43 дарувања на крвни единици<br>-реализирано 08.10.2024 год-49 дараувања на крвни единици |
| Носител на активноста : | Општина Ѓорче Петров, Црвен крст на РСМ – општинска организација Карпош и Институт за трансфузиона медицина |
| Резултати : | 92 регистрирани дарители на крв |
| Предвидени финансиски сретства | 40.000,00 ден |
| Потрошени | 0,00 ден |

| | |
|---|---|
| финансиски сретства | |
| Вкупно останати | **0,00 ден** |

## 2.Времено ангажирање во градинката

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Времено ангажирање на лица во градинката<br>-Негователки<br>-Воспитувачки |
| Главна цел | Квалитено згрижени деца во предучилишна возраст |
| Време на релизација : | Во текот на годината |
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности |
| Резултати : | Вработување на негователки и воспитувачки |
| Предвидени финансиски сретства | 3.652.000,00 ден |
| Потрошени финансиски сретства | **1 .857.000,00 ден**<br>**Јануари-Август (месечен надоместок за 6 негователки по 24.000 ден+1 воспитувачка по 27.000 ден)**<br>**Септември-Декември (месечен надоместок за 8 негователки по 24.000 ден +1 воспитувачка по 27.000 ден)** |
| Вкупно останати | **2.200.000,00 ден** |

## 3.Еднократна парична помош

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Еднократна парична помош, на физички лица<br>во сл. категории<br>-Физички лица за кои е потребна медицинска интервенција во странство; |

| | |
|---|---|
| | -Физички лица со малигни болести кои се во фаза на лекување;<br><br>-Самохрани родители со висок степен на социјален ризик;<br><br>-Поединци или семејства поради настаната материјална штета од пожар или поплава, во нивното живеалиште, но не како резултат на елементарна непогода;<br><br>-Физички лица корисници на минимална социјална помош |
| Главна цел : | Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните и намалување на сиромаштијата и социјална исклученост на Општина Ѓорче Петров |
| Време на релизација : | По барање ,**Во текот на годината** |
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства |
| Резултати : | **Помош на социјално загрозени и болни лица** |
| Предвидени финансиски сретства | 1.000.000,00 |
| Потрошени финансиски сретства | **504.000,00 ден**<br>**Вкупен број на барања:115**<br>**84 Одобрени барања**<br>**31 Одбиени барања** |
| Вкупно останати | **496.000,00 ден** |

**4.Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2024 год.**

| | |
|---|---|
| Краток опис на | Доделување на еднократна финансиска поддршка во висина од 5.000 денари за семејство со новороденче во 2024 година **родено на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.** |

| | |
|---|---|
| активноста | |
| Главна цел : | Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните на Општина Ѓорче Петров.<br><br>Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост, |
| Време на релизација : | По барање ,**Во текот на годината** |
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства |
| Резултати : | **Доделување на еднократана помош на новородено дете во износ од 5000 ден .** |
| Предвидени финансиски сретства : | 1.600.000,00 |
| Потрошени финансиски средтства | 1.145.000,00 ден<br>**Одобрени вкупно 226 барања за новороденчиња**<br>**Одбиени 5 барања за новороденчиња** |
| Вкупно останати | 455.000,00 ден |

5. Обезбедување посебни права и ослободувања на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, како и нивните деца – родители на деца, се ослободени од плаќање на месечните износи на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ и износите за надоместоци на трошоци за престој во детската градинка. Тие исто така, имаат првенство на запишување на нивните деца во Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“, во однос на другите деца. Членовите на семејствата на припадниците на безбедносните сили кои се родители на деца кои престојуваат во Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“, да бидат ослободени од пропишаната обврска да плаќаат за услугите што ги дава градинката, како и за надоместокот на трошоците за престој на децата во истата; |
| Главна цел: | Финансиско олеснување во семејниот буџет на Членовите на семејствата на припадниците на безбедносните сили. |
| Време на реализација | Месечни надоместоци за престојот на децата во градинката за месец октомври и ноември на членовите на семејствата на припадниците на безбедносните сили. Во моментов на креирање предвидените финансиски средства земена е бројка од 100 деца .Сите кој поднесат барање за ослободување и ќе ги задоволуваат критериумите ќе бидат ослободени. |
| Носител на активноста | Одделение за јавни дејности |
| Резултати: | Искажување на благодарност кон нашите сограѓани кои учествувале во конфликот 2001 год ,зголемување на свесноста кај помладите генерации за негување на љубов кон татковината. |
| Предвидени финансиски средства: | 1.800.000,00 ден |

| | |
|---|---|
| **Потрошени финансиски сретства** | **Вкупно -1.659.224,00**<br>надоместок за 126 деца на бранители |
| **Вкупно останати** | **140.776,00 ден** |

6.Транспорт на стари лица и лица со попреченост во социјален ризик.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Со услугата транспорт на стари лица и лица со попреченост се обезбедува превоз на жители на општина Ѓорче Петров кои не се во можност самостојно да обезбедат транспорт за користење на здравствена услуга.Корисници кои ќе ја користат оваа мерка се:<br>-Стари лица (над 65 години) и/или лица со телесна попреченост како и оштетено сетило за вид и слух, лице придружено со болест и неможност или потешкотии, при самостојно движење;<br>-Лице кое живее само или со семејство на социјално загрозени категории и не е во можност да го однесат во соодветната здрвствена установа врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услугата за транспорт , поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации |
| **Главна цел** | Зголемување на квалитетот на живеење и должината на животниот век кај старата популација и лицата со попреченост во Општина Ѓорче Петров. Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните и социјална исклученост на истите. |
| **Време на релизација :** | Планиран почеток јануари 2024 год -крај декември 2024 год |
| **Носител на активноста :** | Црвен крст на Град Скопје и Одд. за јавни дејности |
| **Резултати :** | Старите лица и лицата со попреченост во социјален ризик жители на општина Ѓорче Петров ќе имаат поквалитетно живеење со навремено извршени здравствени прегледи, услуги и рана детекција на |

| | |
|---|---|
| | здрвствени проблеми. Лицата со овозможен пристап до здравествена заштита ќе имаат зголемена самодоверба, ќе добиеме задоволни, здрави и среќни жители и сето тоа ќе се одрази поволно на сите жители на општина Ѓорче Петров. |
| **Предвидени финансиски сретства** | **100.000,00 ден** |
| **Потрошени финансиски сретства** | **100.300,00 ден** за 55 **реализирани транспорти** за периодот од<br>01.01-31.03.202 год. -4 реализирани транспорти<br>01.04.-30.06.2024 год.-19 реализирани транспорти<br>01.07.-30.09.2024 год.-27 реализирани транспорти<br>01.10.-31.12.2024 год.-5 реализирани транспорти |
| **Вкупно останати** | **-300 ден** |

## 7. Хуманитарни акции во текот на годината и по повод празникот на Општина Ѓорче Петров

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Општината финансиски и логистички организира хуманитарни акции во текот на годината и по повод празникот на Општина Ѓорче Петров од донации на локални фирми. |
| **Главна цел** | Поддршка и помош на социјално загрозени граѓани и поттик за хуманост, човечност и меѓусебна помош на загрозените граѓаните и меѓусебна помош. |
| **Време на релизација** | **Декември 2024** |
| **Носител на активноста :** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за јавни дејности,Стокомак,Кипер,Сељ-Ис,Алмир Комерц и Кам. |
| **Резултати :** | **Поделени 42 пакети со прехрамбени и хигенски прозиводи на семејства од социјално ранливи категории и ноговодишни пакетчиња нивните деца кои учат во основни училишта во Општина Ѓорче Петров.** Поттикнување на |

| | |
|---|---|
| | хуманоста, човечноста, будење на свеста за меѓусебна помош на граѓаните. |
| Предвидени финансиски сретства | 100.000,00 ден |
| Потрошени финансиски сретства | 0 ден |
| Вкупно останати | 0,00 ден |

## 8. Членарина на Црвен крст на РСМ

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Обновување на годишна членарина за 2023 година за Црвен крст на вработени од Општина Ѓорче Петров, основни училишта и една градинка |
| Главна цел | Формално зачленување во организација на Црвен крст за една година |
| Време на релизација : | 2024 година |
| Носител на активноста : | ОЃП – (Одд за јавни дејности ) и Црвен крст |
| Резултати : | Зачленети 100-120 вработени |
| Предвидени финансиски сретства | 18.000,00 |
| Потрошени финансиски сретства | 18.000,00 ден |
| Вкупно останати | 0 |

9.Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Целта на оваа програма е да го унапреди системот за обезбедување на социјални и здравствени услуги на локално ниво преку надополнување на постојните или воведување на нови услуги. Програмата промовира партиципативен пристап во дефинирањето на потребите и дизајнирањето на услугите, со инволвирање на самата заедница и институции на локално ниво. Програмата исто така има за цел да придонесе и за постепено вклучување на невработените лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд.<br><br>Целта на оваа програма е да го унапреди системот за обезбедување на социјални и здравствени услуги на локално ниво преку надополнување на постојните или воведување на нови услуги Услугата лична асистенција за помош и поддршка при самостојно живеење, односно помош и поддршка при вршење инструментални активности |
| **Главна цел** | Зголемување на квалитетот на живеење и должината на животниот век кај старата популација и лицата со попречености во Општина Ѓорче Петров. Истовремено, намалувајќи ја невработеноста кај работоспособни лица во Општина Ѓорче Петров преку нивно ангажирање како негователи на стари и немоќни лица. Тоа ќе се оствари преку обезбедување на нега и грижа во домашни услови од страна на професионални сертифицирани негователи во Општина Ѓорче Петров. |
| **Време на релизација :** | Вкупниот период на вклученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 месеци во кој влегува обуката и работниот ангажман.Почнувајќи од месец Јули 2023 год-Март 2024 год. |
| **Носител на активноста :** | UNDP и Одд. за јавни дејности |
| **Резултати :** | 3 обучени негователи (2 негователи за обезбедување/надолнување на здрвствено-социјални услуги на стари лица и лица со попреченост, 1 асистент/подржувач за самостоен живот.Опслужени сите граѓани кои сами побарале помош во домот, мапрање на терен и од страна на негувателите и лица баратели на еднократна парична помош кои се наоѓаат во социјален ризик и имаат потреба од неговател . Месечен надоместок за услугите за едно анагажирано лице изнесува 13 750 ден (11 000 ден-UNDP и 2750 ден-Општина Ѓорче Петров )и за 20 часа неделно(просечно анагажирање изнесува по 4 часа дневно од понеделик до петок). |

| | |
|---|---|
| Предвидени финансиски сретства | 80% фин со проект ОКР на UNDP -297 000,00 ден<br>20% фин. од буџет општина Ѓорче Петров- 74.250,00ден<br>ВКУПНО 371.250 ден |
| Потрошени финансиски сретства | 371.250,00 |
| Вкупно останати | 0 |

## 10. Имплементација на ЛАП за вработување на Роми

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Мотивациони работилници за поттикнување за вработување на Ром(к)и на локално ниво и промоција на придобивките од регистрирање како невработени во АВРСМ. Информативно-промотивни средби со работодавачи (на територијата на Општина Ѓорче Петров) за промоција на користење на мерките од АВРСМ за вработување Ром(к)и<br><br>активности поврзани со подобрување на состојбата на ромската заедница во општина Ѓорче Петров. |
| Главна цел: | Саем за вработување на територија на Општина Ѓорче Петров за оставрување на директен контакт помеѓу работодавачите и Ромската заедница<br>Вработување на Ромки во јавни установи на територијата на општината |

| | |
|---|---|
| Време на реализација | Месечен надоместок за месец октомври и ноември |
| Носител на активноста | Одделение за јавни дејности |
| Резултати: | Подобрување на состојбата на ромската заедница во општина Ѓорче Петров |
| Предвидени финансиски средства: | 122.550,00 ден |
| Потрошени финансиски сретства | 0 |
| Вкупно останати | 122.550,00 ден |

11. ОКР 2024/25 Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Зајакнување на вонинстуционалната заштита преку развивање на постојаните и обезбедување на нови видови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно достигнување |

| | |
|---|---|
| Главна цел: | -Опслужани над 40 корисници на годишно ниво со здрвствено-социјални услуги и подржувачи за самостоен живот<br>3(три) обучени негователи за обезбедување/надоплнување на здрвствено-социјални услуги на стари лица и лица со попреченост,<br>2(два)асистент/подржувач за самостоен живот)<br>1(еден)фасилилтатор-унапредувач на социјалниот дијалог |
| Време на реализација | Јули2024-Март 2025 год |
| Носител на активноста | Одделение за јавни дејности |
| Резултати: | 5 обучени негователи (2 негователи за обезбедување/надолнување на здрвствено-социјални услуги на стари лица и лица со попреченост, 3 асистенти/подржувач за самостоен живот),<br>1 фасилитатор.<br>Опслужени сите граѓани кои сами побарале помош во домот, мапрање на терен и од страна на негувателите и лица баратели на еднокартна парична помош кои се наоѓаат во социјален ризик и имаат потреба од неговател . |
| Предвидени финансиски средства: | 80% фин. со проект ОКР на UNDP – 330.000,00ден.<br>20% фин. од буџет општина Ѓорче Петров- 66.000,00ден.<br>Дополнителна уплата,доддаток од општина 109 860,00 ден (3.662 ден х6 лица х 5мес=109.860 ден)<br>ВКУПНО:510 000,00 ден |

| | |
|---|---|
| Потрошени финансиски сретства | Нето исплата по лице 17.412 ден (бруто 14.634 ден)<br>5 лица по 17.412 ден=87.060 ден-месечно<br>Месечен надоместок за 5 ангажирани лица за месеците Јули и Август<br>174.120,00ден<br>6 лица по 17.412 ден= 104.472 ден-месечно<br>Месечен надоместок за 6 ангажирани лица за месеците Септември ,Октомври,Ноември<br>**313.416,00 ден**<br><br>**Вкупно потрошени за (јули,август,септември,октомври,ноември)-487.536,00 ден** |
| Вкупно останати | **ВКУПНО:22.464,00 ден** |

## III. Рекапитулар за потрошени финансиски срества

За активностите од областа на социјалната заштита за период од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год. година од планираните 9.173.800,00 ден, потрошени се вкупно **6.124.310денари**

**Планирани средства со ребаланс: 9.173.800,00 ден.**
**Вкупно потрошени: 6.124.310ден.**
**Останати: 3.049.490 денари**

| | **Преглед на релизирани проекти во 2022 год од Програмата за социјална и здравствена заштита Активност/позиција** | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Прехрамбени продукти и пијалоци | Еднократна парична помош | Матерјална помош во дрва | Помош за новороденче | копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Привремени вработувања | Планирани средства со ребалнс | Вкупно планирани по активност | Вкупно потрошени по активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1. Крводарителска акција во соработка со Црвен крст во Културен дом Ѓорче Петров | | | | | | | | | | **0,00** | **40 000,00** | **0,00** |
| 2 | Привремени вработувања во градинката | | | | | | | | | | 3.652.000,00 | 3.312.000,00 | 1.857.000 |
| 3 | Еднократна парична помош | | | | | | | | | | 1.000.000 | 1.000.000 | 504.000 |
| 4 | Еднократна парична помош за секое новородено дете | | | | | | | | | | 1.600.000 | 1.600.000 | 1.145.000 |
| 5 | Обезбедување посебни права-бранители | | | | | | | | | | **1.800.000** | **1.800.000** | 1.659.224 |
| 6 | Транспорт на стари лица и лица со попреченост во социјален ризик. | | | | | | | | | | 100.000 | 100.000 | 100.300 |
| 7 | Хуманитарни акции во текот на годината по повод празникот на Општина Ѓорче Петров | | | | | | | | | | **0,00** | 100 000 | 0 |
| 8 | Членарина на Црвен крст на РСМ | | | | | | | | | | 18 000 | 18 000 | 0,00 |
| 9 | Обезбедување помош и подршка при самостојно живеење | | | | | | | | | | 371 250 | 371 250 | 371 250 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Имплементација на ЛАП за вработување на Роми | | | | | | | | | | 122.550 | 122.550 | 0 |
| 11 | ОКР 2024/25 Обезбедување помош о подршкапри самостојно живење | | | | | | | | | | 510 000 | 0 | 487 536 |
| 12 | **Вкупно по активност** | | | | | | | | | | 9.173.800 | **8.463.800** | **6.124.310** |

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година за период од 01.01.-31.12.2024 година, Градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

ГРАДОНАЧАЛНИК
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетитретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/3**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 13.03.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година**

Член 1

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-494/4**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ИЗВЕШТАЈ
# за активностите на Општина Ѓорче Петров
# од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор
# за 01.01.2024-31.12.2024 година

Скопје, февруари 2025 година

## I. Вовед

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор и ги вклучува реализираните активности за периодот од 01.01.2024 г. до 31.12.2024 г.

Активностите од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор беа насочени кон негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, организирање културни манифестации и одбележување на значајни историски настани, верски и државни празници. Културните манифестации подразбираа и дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината, како и поттикнување и мотивирање за нивно учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. Преку разновидната програма за култура овозможивме како општина пред сѐ збогатување на културниот живот.

## II.Реализирани активности

Во текот на 2024 година, од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор до 31.12.2024 година реализирани се следните активности:

1. **Мапирање на уметници и културни работници**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Ажурирање на списокот со уметници и културни работници на територија на ОЃПво соработка со Министерство за култура, Град Скопје, Друштво на писатели на Македонија, Здружение на ликовни уметници на Македонија преку тековни средби, активности и настани |
| **Главна цел:** | Поддршка на уметници и културни работници преку организирање на активности од областа на културата и редовни средби |
| **Специфична цел** | -афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 30 години)<br>-афирмирање на реномирани уметници од Ѓорче |
| **Време на реализација** | тековно |

| | |
|---|---|
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Резултати:** | Поголема соработка, подобра комуникација со уметници ,културни работници, дејци и други лица од сите области на културата<br>- Активно вклучување на уметници ,културни работници, дејци и други лица од сите области на културата кои вршат дејност на територијата на општината, како главни двигатели на културниот живот |
| **Предвидени финансиски** | 60.000 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | 0 |
| **Останати финансиски средства** | 60.000 ден. |

**2. Културно-уметничка програма по повод одбележување 20 септември- Ден на Општина Ѓорче Петров (*Јавен оглас)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Одбележување на Денот на општината со културно-уметничка програма**<br>На 20 септември во претпладневните и попладневните часови беше организирана културно-уметничка програма, со повеќе настани иа активности и за најмалите и за возрасните по повод денот на Општината. „Ден на Општина 20 Септември – музика и забава за сите генерации“<br>*Општината обезбеди еднаква застапеност на мажите и жените во сите активности |
| **Главна цел:** | Одбележување на 20 септември, Ден на општината, заедно со граѓаните на општината; вклучување на граѓаните во одбележувањето на овој ден преку културните манифестации.<br>Збогатување на културниот живот, издигнување на свеста кај граѓаните за активно учество во културниот живот, издигнување на културата во општината, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција, афирмација на млади таленти , но и да се даде поттик, поддршка и шанса на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници да се вклучат во културниот живот. |
| **Специфична цел** | *Негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, поттик за активно учество на граѓаните, особено најмладите во културните настани на општината.<br>*Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво, поттикнување на интерес и љубов на граѓаните и најмладите кон театарот, уметноста и културата. |

| | |
|---|---|
| | *Дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината преку културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во културни и забавни манифестации. |
| **Време на реализација** | 20 септември |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Резултати:** | Промоција на Општина Ѓорче Петров преку културните манифестации; активно вклучување на граѓаните, училиштата, вработените во одбележување на овој ден преку учество во културните настани.<br><br>* Подеднаква застапеност на мажите и жените од општината |
| **Предвидени финансиски средства** | 400.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | 400.000 ден. |
| **Останати финансиски средства** | / |

**3.Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата; програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров; автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата (*Јавен оглас)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општина Ѓорче Петров спроведе Јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024<br>Во рамки на Јавниот оглас беа реализирани неколку настани и манифестации<br>**-„ Молчи јас летам”, Театар Пи**<br>**- Концерт по повод „Меѓународниот ден на семејството“**<br>**-Изложба на автомобили- „Автомобилска историја“**<br>**-Мјузикл за деца и млади, „Матилда јуниор“**<br>**- Фестивал на уличен театар „Баскер фест 2024“ и др.** |
| **Главна цел:** | Целта на овие активности е издигнување на културната свест на граѓаните, да се даде поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани и преку соработка, промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во |

| | |
|---|---|
| | областа на културата за создавање на одговорно општество.<br>Исто така целта на општината е успешна реализација на проектите и нивно следење и вреднување; традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција. |
| **Специфична цел:** | -афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 30 години) кои живеат на територијата на Општина Ѓорче Петров,<br>-поддршка на програми и проекти од областа на културата што ќе се реализираат на подрачјето на Општина Ѓорче Петров |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Резултати:** | Заемна доверба, соработка, партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност, еднакви можности и недискриминација; ефективна и ефикасна реализација на проектите; одржлив развој на проектите; зацврстување на соработката на општината со невладиниот сектор, афирмирање и промовирање на македонскиот фолклор и традиција<br>Афирмација на уметници, издигнување на културната свест кај граѓаните и поголема информираност за културните настани.<br>Активно и помасовно вклучување на граѓаните во културните настани како и поттик и поддршка на уметници и културни работници во општината. |
| **Предвидени финансиски средства** | 800.000 ден. |
| **Потрошени Финансиски средства** | 719.504 ден. |
| **Останати финансиски средства** | 80.496 ден.. |

## 4. Литературно читање во спомен-собата на Анте Поповски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во Центарот за култура во Спомен-собата на Анте Поповски се одржа седмото издание на манифестацијата „Антево слово“.<br>За прв пат присуствуваше и организаторот на Меѓународниот фестивал „Анцело Ла Векија“ во Италија, г. Геро Ла Векија. Во текот на оваа манифестација се читаа песни од наградените, и беа доделени награди и благодарници од страна на организаторот во чест на истакнатиот поет, писател и академик Анте Поповски.. |
| **Главна цел:** | Да се доближи пишаниот збор до граѓаните, поттикнување на љубовта кон литературата, македонскиот јазик и до децата со нивно активно вклучување во |

| | |
|---|---|
| | литературно творештво и збогатување на културниот живот преку поетско дружење. |
| **Специфична цел:** | -да се доближи пишаниот збор до граѓаните, посебно да се развие љубовта кон македонскиот јазик и пишаниот збор кај најмладите<br>-оддавање почит кон делото на македонскиот истакнат поет, писател и академик Анте Поповски.. |
| **Време на реализација:** | 12 јули |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/ Советник за култура |
| **Очекувани резултати:** | -заинтересираност за учество и голема посетеност на настанот |
| **Предвидени финансиски средства:** | **30.000,00 ден** |
| **Потрошени финансиски средства** | **0** |
| **Останати финансиски средства** | **30.000,00 ден** |

### 5. Звуци на културата 2024 (*Јавен оглас)

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во рамките на манифестацијата *„Звуците на културата“* имаше содржини и за повозрасната популација, но и за најмладите (работилници за деца, фото бут, баскер настапи, театар на сенки).<br>На овој настан граѓаните можеа да уживаат во изведбата на македонски музички бендови и музичари , пред сè локални бендови и изведувачи. |
| **Главна цел:** | Збогатување на културниот живот, издигнување на културната свест на граѓаните ,афирмација на млади таленти,како и помалку познати пејачи и бендови,издигнување на културата и во периферијата на градот.<br>Целта на оваа активност е поттикнување на интерес кај граѓаните, и збогатување на културниот живот во општината. |
| **Специфична цел** | - Поттик за активно учество на граѓаните, особено најмладите во културните настани на општината.<br>- Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво, поттикнување на интерес и љубов на граѓаните и најмладите кон театарот, уметноста, културата.<br>-Дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината преку културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во културни и забавни манифестации. |
| **Време на реализација:** | септември , реонски парк |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Очекувани резултати:** | Активно и масовно учество на граѓаните во културниот живот , масовна посетеност на настапите. Збогатување на културниот живот на граѓаните од |

| | |
|---|---|
| | сите возрасти, децата, младите, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |
| **Предвидени финансиски средства:** | 400.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | 400.000 ден. |
| **Останати финансиски средства** | 0 |

### 6. Креативни работилници со уметници, граѓани, младинци и деца(*Јавен оглас)

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Креативни работилници  со уметници , младинци и деца во рамки на проектот „По стапките на големите вајари“ на ТП Керакамика кое егзистира на територијата на општина Ѓорче Петров се реализираат креативни работилници за деца од 6-18 години и изложба која допрва треба да се реализира |
| **Главна цел:** | Поддршка на уметници и културни работници од Ѓорче поттикнување на граѓаните помасовно да се вклучат во културни манифестации, подигнување на свеста на граѓаните за културните вредности. |
| **Специфична цел** | Афирмација на уметници, издигнување на културната свест кај граѓаните и информираност за културните настани.<br>Активно и помасовно вклучување на граѓаните во културните настани како и поттик и поддршка на уметници во Општината.<br>-афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 30 години)<br>-афирмирање на реномирани уметници од Ѓорче |
| **Време на реализација:** | октомври-ноември |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Очекувани резултати:** | Активно и масовно учество на младите пред се во културниот живот , збогатување на културниот живот на граѓаните од сите возрасти, децата, младите, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |
| **Предвидени финансиски средства:** | 100.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | 60.000 ден. |
| **Останати финансиски средства** | 40.000 ден. |

7. **Звуци на традицијата во Ѓорче 2024 (*Јавен оглас)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во рамки на оваа активност беше реализирана манифестацијата„Од Бистра преку Дервен до Ханриево" која се реализира веќе 3 години по ред |
| **Главна цел:** | - афирмирање и промовирање на македонскиот фолклор и традиција<br>-традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција.<br>-поттикнување на почит кон традиционалните културни вредности<br>- популаризација и промоција на културното и историско наследство во Општина Ѓорче Петров |
| **Специфична цел** | - популаризација и промоција на културното и историско наследство во Општина Ѓорче Петров<br>-користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот во општината |
| **Време на реализација:** | 15 септември |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Очекувани резултати:** | Активно и масовно учество на младите пред се во културниот живот , збогатување на културниот живот на граѓаните од сите возрасти, децата, младите, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |
| **Предвидени финансиски средства:** | 100.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | 100.000 ден. |
| **Останати финансиски средства** | 0 ден. |

8. **Инклузија преку културата -Сите сме исти (*Јавен оглас)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Беше спроведена активност- изложба и работилница со лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Ѓорче Петров преку заедничка соработка со ЗГ – Центар за помош на лица со ментален хендикеп „Порака Неготино - Неготино"<br>(Проект : „Афирмација и социјализација на лицата со интелектуална попреченост и подигнување на свеста за еколошката култура" ) |
| **Главна цел:** | -поттикнување и афирмирање на инклузија на лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Ѓорче Петров<br>-зголемена свесност за сите предизвици со кои се соочуваат лицата со попреченост и атипичен развој и поголемо разбирање за нив<br>1. Зголемување на свесноста и уметничките вештини кај лицата со попреченост |

| | |
|---|---|
| | 2. Зголемување на сензитивноста кон лицата со попреченост и подобра интеграција во општеството воопшто.<br>3. Придонес кон подобрување на политиките на локално ниво за подобра интеграција на лицата со попреченост преку креативни работилници и културни настани. |
| **Специфична цел** | Интеграција на лицата со попреченост преку нивно активно учество во културните настани<br>- Зголемена сензитивност на сите нас кон лицата со попреченост и нивна подобра интеграција во воопшто. |
| **Време на реализација:** | 5 септември |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Предвидени финансиски средства:** | 130.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | 130.000 ден. |
| **Останати финансиски средства** | 0 ден. |

### 9. Музички настани (* Ребаланс)

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Беа реализирани неколку музички настани во реонскиот парк *На корзо во Ѓорче* на кои настапуваа македонски и локални бендови и изведувачи |
| **Главна цел:** | -да се поттикне социјалната интеракција, да се промовираат локалните таленти и да се привлечат посетители од различни делови на општината и пошироко.<br>-побогата културна програма и анимирање на граѓаните во вечерните часови |
| **Специфична цел** | Побогата програма за анимирање на граѓаните во вечерните часови, посебно за помладите<br>-афирмација на локални бендови и изведувачи |
| **Време на реализација:** | септември |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Предвидени финансиски средства:** | 300.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Останати** | 300.000 ден. |

| | |
|---|---|
| **финансиски средства** | |

**10.Летно кино во Ѓорче (* Ребаланс)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Организирани беа неколку настани на летно кино на отворено на неколку локации во општината на кои беа прикажани неколку филмови<br>„Ах љубов моја”, „Стела” , „Те дуа” |
| **Главна цел:** | - Збогатување на културниот живот<br>-поттикнување на социјалната интеракција,да се привлечат посетители од различни делови на општината и во руралниот дел<br>-побогата културна програма и анимирање на граѓаните во вечерните часови |
| **Специфична цел** | Преку организирање на филмски проекции на отворено, ќе се збогати културната понуда во општината и се овозможи на граѓаните да уживаат во квалитетни филмови во амбиент што го нуди природата.<br>-собирање на луѓето од различни возрасти и социјални групи, подобра меѓусебна комуникација и зближување на жителите.<br>-Промоција на филмската уметност,да се поттикне интересот за кино културата |
| **Време на реализација:** | август-септември |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Предвидени финансиски средства:** | 200.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Останати финансиски средства** | 200.000 ден. |

## III Рекапитулар на потрошени финансиски средства

За реализација на горенаведените активности од Програмата за култура и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година за период од 01.01.-30.09.2024 година, во текстот подолу даден е детален преглед за сите потрошени средства и тоа:

| Опис на активност /проекти | Вкупно планирани средства | Потрошени средства | Вкупно останати средства по активност |
|---|---|---|---|
| 1.Мапирање на уметници и културни работници | 60.000 ден. | 0 | 60.000 ден. |
| 2.Културно-уметничка програма по повод одбележување 20 септември- Ден на Општина Ѓорче Петров (*Јавен оглас) | 400.000 ден. | 400.000 ден. | 0 |
| 3.Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата; програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров; автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата (*Јавен оглас) | 800.000 ден. | 719.504 ден. | 80.496 ден. |
| 4. Литературно читање во спомен-собата на Анте Поповски | 30.000 ден. | 0 | 30.000 ден. |
| 5. Звуци на културата 2024 (*Јавен оглас) | 400.000 ден. | 400.000 ден. | 0 |
| 6. Креативни работилници со уметници, граѓани, младинци и деца (*Јавен оглас) | 100.000 ден. | 60.000 ден. | 40.000 ден. |
| 7.Звуци на традицијата во Ѓорче 2024(*Јавен оглас) | 100.000 ден. | 100.000 ден. | 0 ден. |
| 8. Инклузија преку културата<br>*Сите сме исти* (*Јавен оглас) | 130.000 ден. | 130.000 ден | 0 ден. |
| 9. Музички настани (* Ребаланс) | 300.000 ден. | 0 | 300.000 ден. |
| 10.Летно кино во Ѓорче Петров (* Ребаланс) | 200.000 ден. | 0 | 200.000 ден. |
| | 2.520.000 ден. | 1.809.504 ден. | 710. 496 ден. |

*Реализирани се сите активности согласно Програмата, некои активности согласно договорот Одлуката за Јавниот оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 се уште се реализираат.

*Активноста 1. Мапирање на уметници и културни работници е тековна активност која ја реализираме  преку соработка со здруженија, уметници,културни работници во текот на реализација на настаните и активностите од областа на културата.

Преглед на финансиски средства за  реализација на Програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година (за период од 01. 01. - 31. 12. 2024 година) :

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно планирани средства:** | 2.520.000 | **ден.** |
| **Потрошени средства :** | 1.809.504 | **ден.** |
| **Останати средства** | 710. 496 | **ден.** |

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година за период од 01.01.-31.12.2024 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во обласга на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во обласга на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетитретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/4**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 13.03.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и подршката на невладиниот сектор за 2024 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-494/5**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на спортот на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на спортот и омасовување на спортот
За реализирање на активностите од Програмата од областа на спортот за 2024 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

Во текот на 2024 година во период од 01.01.2024 до 31.12.2024, согласно програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор се реализирани следните активности:

**1.Традиционални спортски активности и манифестации**

- Поддршка на училишниот спорт

**2.Поддршка на установи и НВО од областа на спортот,спортисти и спортски клубови,програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров**

- Поддршка на спортски клубови
  - Поддршка на ПВК Вардар-Скопје
  - Фудбалски клуб Волково Јуниор
  -Аква Про
  -Пинг понг клуб 1060 АС ЃП
  -БК 1060
  -ФК Њу Старс
  -Мото клуб Вардар
  -Одбојкарски Клуб Ѓорче Волеј
  -ФК Волково
  -Танцов Клуб Бранимир и Бранкица
  -Мото клуб Вардар-Скопје
  -Здружение АРЕОЛА
  -Здружение за промоција и култура
  -Пливачки Клуб Скопје
  -ЗГ ГеГе Куп

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2024до 31.12.2024 реализирани се следниве активностите од Програмата од областа на спортот за 2024 година:

**1. Традиционални спортски манифестации**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | * - Општина Ѓорче Петров, финансиски ја поддржи организацијата на традиционалниот турнир во мал фудбал 8ми Септември, кој традиционално се одржува од 2001 година, се со цел негување на традицијата, развивање на спортскиот и фудбалскиот дух, спортската социјализација и масовноста на спортот. |
| **Главна цел:** | Спортска дружба, задржување и негување на традицијата |
| **Време на реализација:** | Мај-Октомври |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Спортска социјализација |
| **Предвидени финансиски средства:** | 300.000,00 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | 120.900 ден |

**2. Поддршка на програми и проекти на други спортски организации од интерес за Општина Ѓорче Петров**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општина Ѓорче Петров ги финансира програмите, проектите и активностите за реализирање посебни програми во создавање услови за спроведување спортски активности на спортистките и спортистите аматери, со посебен акцент врз реализирање на спортски активности и натпревари во основните училишта на подрачјето на општина Ѓорче Петров.<br>Општината ќе ги поддржува и родово сензитивните програми, проекти, активности и манифестации, со посебен акцент на програмите кои се заложуваат за инклузија на лицата-децата со атипичен развој. |
| **Главна цел:** | Вклушување на лицата со атипичен развов, во спортот |
| **Време на реализација:** | Декември |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров, здружение |
| **Резултати:** | Активно вклучување на лицата со атипичен развој во спортски игри, адаптирани за нивните потреби |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства:** | Хонорари, тековни работи( фотографирање, награди и сл.) и трошоци за стручните лица 300.000,00 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | 52.650 ден |

3. Општински сојуз на училишен спорт

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | * Општина Ѓорче Петров материјално и финансиски го поддржува **училишниот спорт** на основните училишта во општина Ѓорче Петров: Лига систем и турнир систем натпревари во определените колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција за регионалниот и националниот систем на натпревари на училишниот спорт во Македонија, преку Сојузот *на* училишен спорт Ѓорче Петров. *Доставен комплетен финансов план, годишна програма и календар на натпревари. |
| **Главна цел:** | Афирмација и запознавање со екипниот спорт на школската популација, дружење преку спортот. |
| **Време на реализација:** | Континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Спортска социјализација и запознавање со колективните спортови. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Хонорари, тековни работи( фотографирање, награди и сл.) и трошоци за стручните лица 400.000,00 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | 390.946 ден |

4. Поддршка и помагање на професионални и аматерски клубови.

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | * Општина Ѓорче Петров финансиски ги поддржува **спортските клубови** – на територија на општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината. |
| **Главна цел:** | Помагање во финансирањето и финансиска помош за учество во лигите и натпреварите, помош за купување на опрема и тековни трошоци. |
| **Време на реализација:** | Континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства:** | 1.000.000,00 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | Вкупно потрошени, 868.376,00 ден |

5. **Поддршка на спортисти од територијата на Ѓорче Петров.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | * Општина Ѓорче Петров финансиски ги поддржува **спортистите**– на територија на Општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината |
| **Главна цел:** | Помагање во финансирањето и финансиска помош за учество во лигите и натпреварите, помош за купување на опрема и тековни трошоци. |
| **Време на реализација:** | Континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |
| **Предвидени финансиски средства:** | 500.000 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | 500.000 ден. |

6. **Активности на општината Ѓорче Петров.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | -**,, Шаховска табла"-турнир во шах -.** Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со месните заедници, спортската шаховска федерација и општини. |
| **Главна цел:** | Задржување и негување на традиционалните спортски активности. |
| **Време на реализација:** | Континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |

| | |
|---|---|
| Предвидени финансиски средства: | 100.000 ден |
| Потрошени финансиски средства | 7334,00 ден |

## II. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За активностите од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година потрошени се вкупно 1.949.260,00 денари.

| | Рекапитулар Програма за спорт Активност/позиција | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Прехрамбени продукти и пијалоци | Услуги за печатење, копирање и | Други оперативни | Трансвери до физички лица | Трансфердо спортски клубови | Трансфер до здруженија на граѓани и фондации | ПЛАНИРАНО | ПОТРОШЕНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Традиционални спортски манифестации | | | | | | | 300.000 | 300.000 | 120.900 |
| 2 | Поддршка на програми и проекти на други спортски организации од интерес на Општина Ѓорче Петров | | | | | | | 300.000 | 300.000 | 52.650 |
| 3 | Поддршка на професионални и аматерски клубови | | | | | | 1.000.000 | | 1.000.000 | 868.376 |
| 4 | Поддршка и помагање на | | | | | 500.000 | | | 500.000 | 500.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | млади спортисти и лица вклучени во спортот од територијата на Општина Ѓорче Петров | | | | | | | | | |
| 5 | Поддршка на ОСУС(Општински сојуз на училишен спорт) | | | | | | | 400.000 | 400.000 | 400.000 |
| 6 | Активности на општината | 30.000 | 10.000 | 30.000 | | 30.000 | | | 100.000 | 7334.00 |
| | Вкупно по позиција | 30.000 | 10.000 | 30.000 | | 530.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 3.200.000 | 1.949.260 |

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Извештајот за реализација на Програмата од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2024 година за период од 01.01.2024 до 31.12.2024, градоначалникот како предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петеров на разгледување и усвојување.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
Александар Стојкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2024 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетитретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/5**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 13.03.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на образованието за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на образованието за 2024 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-494/6**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

**Скопје, март 2025**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година.

Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во основните училиштата.

За реализирање на активностите од Програмата од областа на образованието за 2024 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со реализираните активности од Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на основното образованието се унапреди квалитетот и условите за работа во основните училиштата, се креираа образовни политики согласно локалните потреби за развој на образовниот процес.

Општината Ѓорче Петров обезбеди еднаков пристап до квалитетно образование и еднакви услови за одвивање на наставниот процес.

Реализирани се наставниот план и програмата како и воннаставните активности во основни училишта. Наставниот процес во општинските основни училишта се одвиваше непречено. Почетокот на учебната 2023/2024 година започна со физичко присуство на сите ученици.

Обезбеден е квалитетен интернет пристап за сите основни училишта. Креирана е стимулативна средина за учење преку опремувањето на кабинетите по природни науки. Учениците се мотивирааат преку доделување на награди и признанија за постигнатите високи резултати во областите за кои покажуваат интерес.

Толеранцијата, соживотот и мултикултуралност, родовата еднаквост, екологијата, безбедноста во сообраќајот се стимулираат преку вonнаставни активности и соработка со НВО.

## III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2024 год. до 30.09.2024 год. реализирани се следниве активностите од Програмата за основно образование 2024 година:

| | ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| бр. | **Име на Програма /активност** | **Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски)** | **Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор)** | **Временска рамка** | **Реализирани финансиски средства од Буџето** | **Планирани финансиски средства од Буџетот** |
| **1.** | Запишување на првачиња во основните училишта | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | август септември | **309.382,50** | **309.382,50** |
| **2.** | Обезбедување на квалитетен интернет пристап за сите основни училишта и поттикнување на дигитализацијата во наставата. | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | 12 месеци | **292.240,00** | **410.000,00** |
| **3.** | Обезбедување на посебни права и ослободувања на припадниците на безбедносните сили на Р.М. и членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров во основните училишта. | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | јануари-јуни и септември - декември | **842.413.50** | **842.413,50** |
| **4.** | Креирање вонnаставни активности (Планирање на заеднички вонnаставни активности на сите основни училишта)<br>-Литературни и ликовни конкурси;<br>-Општински квизови на знаење; | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | 1-ви април | **9.374,00** | **9.374,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Детска ликовна колонија;<br>- Априлијада-детски маскенбал<br>-Посета на концерти, театри, музеи, природонаучни установи и сл.;<br>-Општински хор и оркестар.<br>-Театарски претстави, гостување на актери по повод празници и значајни денови на општината (Нова година, денот на планетата земја)<br>- Одбележување на денот на општината | | | | | |
| 5. | Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во Општина Ѓорче Петров | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/Одделение за јавни дејности Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца | Буџет на Општина Ѓорче Петров | мај-септември | **88.860,00** | **88.860,00** |
| 6. | "Здрава храна за здрави деца" -Бесплатна ужинка или појадок на учениците во I одделение во основните училишта | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | јануари-јуни и септември - декември | **1.600.000,00** | **1.600.000,00** |
| 7. | Консултативни и други услуги во основните училишта. | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | **672.686,00** | **686.000,00** |
| 8. | Поддршка во организирање на детски фестивали во кои учествуваат ученици од училиштата во Ѓорче Петров | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Август и декември | **24.765,00** | **55.000,00** |
| | **Вкупно** | | | | **3.839.721,00** | **4.001.030,00** |

| | Активност/позиција | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Прехрамбени продукти и пијалоци | Наставно образовни помагала | Училишни материјали | Други материјали | Информатичка опрема | Интернет претплата | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Средства за хигиена | Трансфер на средства до основните училишта | Други трансфери | Трансфер до НВО | Реализирани активности | Вкупно планирано по активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Запишување на првачиња во основните училишта | | | | 309.382,50 | | | | | | | | | | | 309.382,50 | 309.382,50 |
| 2 | Обезбедување на интернет пристап за сите основни училишта | | | | | | | 292.240,00 | | | | | | | | 292.240,00 | 410.000,00 |
| 3 | Обезбедување на посебни права и ослободувања на припадниците на безбедносните сили на Р.М. и членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров во основните училишта. | | | | | | | | | | | | 842.413,50 | | | 842.413,50 | 842.413,50 |
| 4 | Креирање вонннаставни активности | | | 9.374,00 | | | | | | | | | | | | 9.374,00 | 9.374,00 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (Планирање на заеднички вонnаставни активности на сите основни училишта)<br>-Литературни и ликовни конкурси;<br>-Општински квизови на знаење;<br>-Детска ликовна колонија;<br>- Априлијада-детски маскенбал<br>-Посета на концерти, театри, музеи, природонаучни установи и сл.;<br>-Општински хор и оркестар.<br>-Театарски претстави, гостување на актери по повод празници и значајни денови на општината (Нова година, денот на планетата земја)<br>- Одбележување на денот на општината | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | **Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници** од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување | 88.860,00 | | | | | | | | | | | | | | 88.860,00 | 88.860,00 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во Општина Ѓорче Петров | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **6** | **“"Здрава храна за здрави деца"** - Бесплатна ужинка или појадок на учениците во I одделение во основните училишта | | | | | | | | | | | 1.600.000,00 | | | 1.600.000,00 | 1.600.000,00 |
| **7** | Консултативни и други услуги во основните училишта | | | | | | | | 672.686,00 | | | | | | 672.686,00 | 686.000,00 |
| **9** | Поддршка во организирање на детски фестивали во кои учествуваат ученици од училиштата во Ѓорче Петров | | | | | | | | | | | | 24.765,00 | | 24.765,00 | 55.000,00 |
| | **Вкупно** | 88.860,00 | | 9.374,00 | 309.382,50 | | | 292.240,00 | | 672.686,00 | | | 2.442.413,00 | 24.765,00 | | 3.839.721,00 | **4.001.030.00** |

| |
|---|
| Активност/позиција |
| Транспорт на луѓе (ученици, наставници) |
| Прехрамбени продукти и пијалоци |
| Наставно образовни помагала |
| Училишни матерјали |
| Други матерјали |
| Информатичка опрема |
| Интернет претплата |
| Услуги за печатење, копирање и издавање |
| Други договорни услуги |
| Други оперативни расходи |
| Средства за хигиена |
| Трансфер на средства до основните училишта |
| Други трансфери |
| Трансфер до НВО |
| ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНО |
| Вкупно по активност |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Активностите од областа на основното образование утврдени  со оваа програма се во вкупен износ од **4.001.000.00**денари и се финансирани од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

Во период од 01.01.2024 до 31.12.2024 реализирани се 3.839.721,00 денари.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетитретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/6**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 13.03.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-494/7**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ИЗВЕШТАЈ
на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности
на жените и мажите.
за 2024 година

Скопје, 2025 година

1. ВОВЕД

Извештајот за активностите на Комисијата за еднакви можности е изготвен во насока да даде целосна слика за активностите на Комисијата за еднакви можности за 2024 год . од ( 1.01.2024 - 31.12 2024 год).

Со овој извештај се опфатени планираните и потрошените сретства кои Комисијта за еднакви можности ги има релизирано во 2024 год.

## 1. Извештај за состојбата на еднаквите можности во единиците на локалната самоуправа за 2024 год.

Општина Ѓорче Петров во периодот од 2024 год ги оствари следниве резултати во однос на предвидените цели :

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, зголемени се знаењата и вештините на Комисијата за еднакви можности, координаторот и заменик коордонатор и дел од претставниците на општинската администрација во областа од родовата еднаквост. Спроведени се активности по програма за родова еднаквост :

1.За претставници на Интерсекторската група од Општина Ѓорче Петров, членовите на КЕМ и подршка на Градоначалник се одржа работилница во хотел „ Романтик " Велес во врска со промоцја на нова Стретегија за родова еднаквост 2024–2027 год.

Изготвена е Стретегијата за родова еднаквост за 2024-2027 за која УН Вомен изготви бесплатно штампање и промоција на истата со нивни финансиски сретства.

2. Во соработка со НСРР и Општинта Ѓорче Петров потпиша меморандум за соработка каде НСРР дава беспатна правна помош на жртви на семејно насилство како и бесплатна правна помош.

Во Јавна соба се одржа активноста за превенвија од семејно насилство во соработка со НСРР .

3.Во Домот за култура се одржа на настанот „Со љубов против насилството " каде беа доделени дипломи и награди за најдобар цртеж и литературана творба на учениците од ООУ та во Општина Ѓорче Петров.

4.Во соработка со Здружение на граѓани Праведнии и професионални во тек е проектот за „Премостување на родовиот и возрасниот јаз на пазарот на трудот преку градење на капацитети за промовирање на работни можности за ранливите категории на лица. За истиот се одржаа неколку работилници во Домот за култура во Ѓорче Петров на кои беа промовирани работните можности на ранливите категории на лица.

Претседателот на КЕМ на работилницата ги образложи активностите од Стратегијата за родова еднаквост како и стратешките цели на Општина Ѓорче Петров.

На работилницитае беа повикани и претставници од фирми и НВО како и младински организации и здрженија.

5. Со НВО Центар за истражување и креирање на политики во тек се проектните активност во врска со проектот „Градење на здрави животни навики на младите луѓе, а се спроведува во ООУ те Ѓорче Петров каде младите лица учат за здрави навики на живот и унапредување на родовата еднаквост.

6.Во Општина Ѓорче Петров беше спроведена работилница во соработка со УН Вомен, а истата беше наменета за собирање на податоци за следедење на имплементација на родови мерки во Општина Ѓорче Петров. На истата присуствуваа членови на интерсекторската група и членови на КЕМ и подршка на Градоначалник.

Системот засобирање на родово разделени податоци ќе придонесе во 1) Изработка на Годишен извештај до МТСП , 2) следење на прогресот на Стратегијата за родова еднаквост на Општина Ѓорче Петров . Изработка на годишни програми на Општина Ѓорче Петров.

7.Одржан е ликовен и литературен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето Кочо Рацин во соработка со ОЃП.

## 1.Обука за родова еднаквост – Стретегија за родова еднаквост 2024-2027 год .

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | За претставници на Интерсекторската група од Општина Ѓорче Петров, членовите на КЕМ и подршка на Градоначалник се одржа работилница во хотел „ Романтик Велес во врска со промоција на нова Стретегија за родова еднаквост 2024–2027 год. |
| Главна цел : | Промоција и унапредување на родовата еднаквост преку работилница за општинската администрација и членовите на КЕМ со цел и унапредување на родова еднаквост и подобрување на животниот стандард на граѓаните во ОЃП. |
| Време на релизација : | Во текот на 2024 год. |
| Носител на активноста : | Општина Ѓорче Петров и УН Вомен . |
| Потрошени сретства | / |

## 2.Советувалиште и СОС линија за жени жртви на семејно насилство .

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Општинта Ѓорче Петров во соработка со НВО НСРР потпиша меморандум за соработка и услугата која НВО ја дава е правна помош , советување и СОС линија за жени жртви на семејно насилство. |
| Главна цел : | Правна помош , советување и СОС линија за жени жртви на семејно насилство. |
| Време на релизација : | Во текот на 2024 год. |
| Носител на активноста : | Општина Ѓорче Петров и НСРР. |
| Потрошени сретства | Планирани се 180. 000 ден , а сретствата ќе се исплатат во 2025 год. За 2024 год . нема финансиски трошоци. |

## 3.Со „ Љубов против насилството„

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Ликовен и литературен конкурс на тема „ Со љубов против насилството " се одржа во Домот за ултура, каде на најдобрите ученици кои изготвија цртежи и литературни творби им беа врачени дипломи и награди. |
| Главна цел : | Поттикнување на љубов и хуманост и ненасилство. |
| Време на релизација : | Во текот на 2024 год. |
| Носител на активноста : | Општина Ѓорче Петров |
| Потрошени сретства | **12.843,00 ден.** |

**4.„ Премостување на родовиот и возрасниот јаз на пазарот на трудот преку градење капацитети и промоирање на нови работни можности во прекуграничниот регион -CBC еквилајзер за пол и возраст на работните места.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Во соработка со Здружение на граѓани „Праведни и професионални се спроведоа активности - работилници во Домот за култура во Ѓорче Петров каде земаа присуство повеќе институции и фирми како и НВО .<br>Одржана е фокус група во хотел „ Парк„ со работодавачи од различни фирми и институции во рамки на проектот а се однесува за положбата на жената на пазарот на трудот. |
| **Главна цел :** | Градење капацитети и промовирање на нови работни можности . |
| **Време на релизација :** | Во текот на 2024 год. |
| **Носител на активноста :** | Општина Ѓорче Петров |
| **Потрошени сретства** | / |

**5.Проект со ЦРПМ „ Градење на здрави животни навики на младите луѓе**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Во тек е втора фаза од проектот „ Градење на здрави животни навики на младите луѓе „ каде Општина Ѓорче Петров потпиша Меморандум за соработка со НВО ЦИКП . |
| **Главна цел :** | Градење на здрави животни навики на момчињата во ОЃП. |
| **Време на релизација :** | Во текот на 2024 год |
| **Носител на активноста :** | Општина Ѓорче Петров и ЦИКП. |
| **Финансии** | Општината нема финансиски трошоци |

**6.Работилница за собирање на податоци за следење на имплементација на родови мерки во Општина Ѓорче Петров.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Во Општина Ѓорче Петров се одржа работилница во соработка со УН Вомен за воспоставување а систем за собирање на податоци за следење на имплементација на родови мерки во Општина Ѓорче Петров. |
| **Главна цел :** | Воспоствување на систем за собирање на податоци за следење на имплементација на родови мерки во Општина Ѓорче Петров. |
| **Време на релизација :** | Во текот на 2024 год |
| **Носител на активноста :** | Општина Ѓорче Петров и УН Вомен |
| **Финансии** | Општината нема финансиски трошоци |

**7.Ликовен и литературен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето Кочо Рацин во соработка со ОЃП.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | По повод Патрониот празник на основното училиште Кочо Рацин се одржа ликовен и литературен конкурс каде учество земаа 120 ученици од ООУ та од општина Ѓорче Петров кои имаа можност да создаваат творби инспирирани од творештвото на Кочо Рацин како и на слободна тема.<br>На ликовниот конкурс прво, второ и трето место освоија ученици од ООУ те Ѓорче Петров . На литературниот конкурс Прво место освои ученик од ООУ те Димитар Беровски , второ од ООУ те Страшо Пинџур и трето место од ООУ те Тихомир Милошевски .<br>На наградените ученици им беа доделени дипломи и пригодни награди и благодарници . |
| **Главна цел :** | Вклушување на момчиња и девојчиња во културниот настан (ликовен и литаратурен конкурс) на територија на ОЃП. |
| **Време на релизација :** | Во текот на 2024 год – Декември |
| **Носител на активноста :** | Општина Ѓорче Петров и СУГС Кочо Рацин |
| **Финансии** | Општината нема финансиски трошоци |

## 2.Податоци за предвидени и релизирани сретства поединечно за Комисијата за еднакви можности

Од планираните 426.000,00 ден. предвидени во Програмата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година за потребите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите оваа година се потрошени 12.843,00 финансиски сретства, а останатите активностите се на трошок на релевантни НВО (НСРР и УН Вомен, ЦИКП) со кои имаме соработка.

**Активности кои беа релизирани без финансиска импликација се следните:**

1. Проект на УН Вомен за родово одговорно буџетирање-работилници и обуки на комисијата за родова еднаквост.
2. Промоција на Стратегија за родова еднаквст се одржа во хотел „ Романтик „ со членови на интерсекторска група и КЕМ каде беше спроведена работилница за промоција на истата.
3. Проект „ Премостување на родовиот и возрасниот јаз на пазарот на трудот преку градење капацитети и промовирање на нови работни можности во прекуграничниот регион -СВС еквилајзар

за пол и возраст на работните места,, во соработка со Здружение на граѓани праведни и професионални .

4. Проект Градење на здрави животни навики на младите луѓе во соработка со ЦИКП.

5. Работилница за воспоставување на систем за собирање на податоци за следење на имплементација на родови мерки во Општина Ѓорче Петров.

6. 7.Ликовен и литературен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето Кочо Рацин во соработка со ОЃП.

**Активности кои се релизирани со финансиски сретства се следниве :**

1. ,, Со љубов против насилството,, .

**Вкупно планирано** 426.000,00
**Вкупно потршено** 12.843.00 ден.

## Рекапитулар за планирани и потрошени финансиски сретства

| | Рекапитулар на потрошени сретства за еднакви можности на жените и мажите | Награди за учениците | Транспорт на луѓе | Други договорни услуги | Други трансвери | Семинари и конференции | Трансвер до НВО | Вкупно планирано | Вкупно потрошени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Советувалиште и СОС линија за жени жртви на семејно насилство во соработка со НСРР | | | | | | | 186.000, | 0 |
| 2 | Промоција на родовата еднаквост | 12.143.00 | | | | | | 90.000 | 12.143.00 |
| 3 | Активности по Стратегија за родова еднаквост 2024-2027 | | | | | | | 150.000 | 0 |
| 4 | Надградба на институционалните капацитети на Општина Ѓорче Петров за интегрирање на родовите аспекти во политиките и буџетите. | | | | | | | 0 | 0 |
| | Вкупно по активност | 12.143,00 | | | | | | 426.000 | 12.143.00 |

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на родовата еднаквост за 2024 година за период од 01.01.-31.12.2024 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педеситетретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/7**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ

За реализација на програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-31.12.2024 година

Скопје, Март  2025 година

# I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Во врска со програмата заштита на животната средина и природата на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024год. предвидени беа активности за подобрување на квалитетот на живеење на населението. Врз основа на анализа на реалната состојба на квалитетот на животната средина во општината како и преземање на соодветни мерки согласни со Законот за животна средина, заштита на животот и здравјето на луѓето, предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз животната средина и превземање на контролата врз активнистите кои ја загрозуваат животната средина,како и врз основа на потребите беа утврдени проектите и активностите со програмата за заштита на животна средина и природата на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година.

| Ред. Бр. | Име на проект | Предвидени средства | Статус |
|---|---|---|---|
| 1. | Подигање на нови зелени површини и хортикултурно уредување и одржување | 1.200.000,00 | Склучен договор со Економски оператор |
| 2. | Проекти за ЕКО училиште- избор на еко училиште | 94.000,00 | нереализиран |

**Градоначалник,**
**Александар Стојкоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализацијана Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетитретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/8**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на

Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 13.03.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-494/9**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ

За реализација на програмата за одржување и развој на јавното осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-31.12. 2024 година

Скопје, Март 2025 година

## II. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

### I.1 Одржување на системот на јавно осветлување со утврден во предметот на ЈПП

Одржувањето на системот на јавно осветлување се врши од страна на приватен партнер со кој е потпишан договор за ЈПП со точно утврден опфат и предмет на ЈПП.

Трошоците за одржување на системот на јавно осветлување во согласност со договорот за ЈПП се исплаќа на месечно ниво како надоместок за ЈПП кој изнесува 991.535 денари без ДДВ, или вкупно 11.898.420.00 денари за период од 12 месеци.

Во овој надоместок за ЈПП влегува исплатата за инвестицијата за модернизација на системот за јавно осветлување и одржување на оперативноста и функционалноста на системот.

Проектот обезбедува и работа на сите поставени светилки во општината што е најважен фактор со кој се обезбедува квалитетно јавно осветлување на теритоиријата на општина Ѓорче Петров, бидејќи граѓаните сега имаат можност преку Call центарот да пријават проблем во јавното осветлување со што за многу краток период од максимум 48 часа ќе се отстрани дефектот се разбира, ако е во рамки на проблем од прва категорија, а оној дефект кој е од втора категорија во зависност од дефектот во најбрз можен временски период со надзор од страна на општината.

### I.2 Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување

Во првите 9 месеци од оваа година, за одржување на системот на јавно осветлување, вон опфатот на Договорот за ЈПП, беше искористен во целост договорот со Економскиот оператор Елмонд Електро ДОО Скопје, склучен на 26.04.2024 година, во износ од 3.000.000,00 денари па затоа врз основа на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на територија на општина Ѓорче Петров за 2024 година, во буџетот не беа предвидени дополнителни средства. При изнесување на предлогот за ребаланс на Буџетот на Општината, а врз основа на тоа што претходно потпишаниот договор беше во целост реализиран, до Советот на Општината беше истакнат Предлог за измена на програмата за одржување и развој на јавно осветлување на територија на Општина Ѓорче Петров, при што во Буџетот беа обезбедени 4.000.000 денари. Врз основа на оваа измена, на 11.09.2024 беше објавен оглас за спроведување постапка за доделување на договор за јавна набавка за Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување. Врз основа на овој оглас е склучен договор со Економскиот оператор Елмонд Електро. Врз основа на договор бр. 05-474/18 од 26.04.2024 година , со кои меѓу другото на територијата на Општина Ѓорче Петров се реализирани следниве работи.

- Промена на рефлектори на Спортските игралишта ,Бранители, Даме Груев и во ОУ Мирче Ацев.
- Реконструкција на вкупно 1290 метри нисконапонска мрежа и столбови
- Замена на осветлувањето во парк Хром
- Ново осветлување на детско игралиште на ул.Беаз Куле.

На 29.04.2025 година со Економскиот оператор Елмонд Електро е склучен договор за Изградба на објекти од енергетика, со кој што договор е опфатена изградба на ново

улично осветлување на потегот од ООУ Јоаким Крчоски до с.Орман, ул.Радушка,ул.Николај Островски и ул.Лазо Димовски Ошенски. Заклучно со 31.12.2025 година е целосно завршена изведбата во потегот ООУ Јоаким Крчоски до с.Орман и започната е изведбата на ул.Радушка. На основ на овој договор се потрошени 1.694.865,00 денари.

**I.3 Потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување**

Со оглед на високата нестабилност на цената на електричната енергија на ,референтната за нас, HUPEX берза, планирањето на средства во буџетот за оваа програма е речиси невозможно да се изврши со поголема точност. Имено во Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на територија на општина Ѓорче Петров за 2024 година донесена од страна на Советот на Општина Ѓорче Пеотрв во буџетската програма Ј3 се предвидени 10.000.000 денари. Оваа сума беше предвидени врз основа на моменталната вредност на електричната енергија на HUPEX берзата. Согласно податоците од добиените фактури, на конто 421110 се потрошени вкупно 7.756.975,00 денари

**Градоначалник,**
**Александар Стојкоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетитретата седница на советот, одржана на ден 13.03.2025 година.

**Број 02-548/9**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на

Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 13.03.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-494/10**
**од 13.03.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГАМАТА ЗА
ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**Март 2025 година**
**Скопје**

# I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024год. (Програма ЈДА)

Во врска со програмата за подршка на ЛЕР во општина Ѓорче Петров за 2024год. предвидени беа активности за планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните приоритети, водење на локалната економска политика и подршка на развојот на МСП и претприемништвото. Исклучително е важно да се напомене дека од годишната програма за 2024год. реализирани се поголем дел од предвидените проекти и активности, но и други кои воопшто не биле планирани во 2023год.

Дополнително вредно за појаснување е дека сите износи за кофинансирање во реализација на соодветните проекти предвидени со оваа програма се реализирани од други програми кои се во надлежност на Сектор за урбанизам,инвестиции и комунални дејности. Со цел да се избегне двојно известување за исти износи за кофинансирање - и од одделението за ЛЕР и од Секторот за урбанизам, во овој Извештај се содржани информации за тоа кои проекти се прифатени за финансирање, од која институција и во кој износ, а во извештајот на Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности ќе бидат наведени точните реализирани износи на кофинансирање со буџетски средства од соодветните потпрограми соглесно потпиошаните Договори.

Одделението за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка за ЕУ и ЈПП во текот на 2024год. континуирано работеше на изработка на проектни апликации и согласно надлежностите силно е фокусирано во реализација на веќе започнатите-тековни проекти (од 2022 год. и 2023год.),но и со аплицирање до соодветни институции (домашни, меѓународни донаторски институции/институции од централна власт/амбасади/технички канцеларии) и донации, па синтетизирано статусот на работењето на ова одделение е следен:

| Бр. | Име на проект | Институција во која е поднесена паликацијата/Извор на финансирање | Проценет износ | Статус/Реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на Стратегија за ЛЕР за период 2023-2028 | Стратегијата за ЛЕР е предвидено да биде реализирана како донација и нема да има никакви импликации по општинскиот буџет. | 0,00МКД | Стратегијата за ЛЕР ќе биде изработена по целосно завршување/затварање на прекуграничниот проект со Косово (проценет почеток е Јануари/2025год.), откако ЕУ ќе ги потврди/или нема да ги потврди исполнетите индикатори за економски развој и раст предвидени со тековниот проект. Зависно од тоа кои индикатори нема да бидат потврдени-истите ќе се предвидат во Стратегија за ЛЕР. |
| 2. | Креирање Регистар за МСП и НВО во општинат | Регистарот е предвидено да биде составен дел на Стратегијата за ЛЕР која ќе биде изработена на основа на донација. | 0,00МКД | Во склоп на изработка на Стратегија за ЛЕР е предвидена и оваа активност со цел-прегглед и класификација на МСП и НВО по вид, дејност, обем, се со цел координација на општината со нивните бизнис планови, потреби(инфраструктурни и за вработување) и сл. |
| 3. | Присуство на програмски обуки и работилници за искористување на средтсва од ИПАРД програма | Проектот ЕУза Општините финансиран од Европската Комисија објави јавен повик за обука на обучувачи за PCM/ПМ2-методологија и ПРАГ- | 0,00МКД | По успешно завршување на серијата обуки, Раководител на одд. За ЛЕР се стекна со Сертификат за лиценциран обучувач за ЕУ проектен циклусен менаџмент и ПМ2-методологија на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | методологија за јавни набавки според ЕУ.<br>На обуката приссутвуваше 1 претставник од општина Ѓорче Петров, а истата беше на сметка на проектот. | | ЕУ(пишување, аплицирање, имплементација, известување, мониторинг и евалуација на ЕУ-финансирани проекти).<br>Сертификатото важи 3 години, а вкупно такви сертификати во Репубиката се 8. |
